**АУЕ ФОН Универзитет-Скопје**
**Факултет за Детективи и Безбедност**

# ИЗВЕШТАЈ

## за работата на Деканот на

# ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И БЕЗБЕДНОСТ

за академската 2024/25 година

**Скопје, декември 2025 година**

## СОДРЖИНА


**1. ВОВЕД**

Задачи и цели на Факултетот

Планирање, организирање и транспарентност на работата на Факултетот

**2. РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ФАКУЛТЕТОТ И УПИСОТ НА СТУДЕНТИ**

2.1 Работата на ННС

2.2 Работа на постојните комисии формирани од ННС

2.3 Упис на студенти

**3. НАСТАВНО НАУЧЕН КАДАР**

3.1 Наставен кадар

3.2 Покриеност на наставните предмети со наставници

**4.** НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

4.1 Реализација на наставата по студиски програми на додипломски и посдипломски студии

4.2 Форми на наставно-образовниот процес и методи на проверка на знаењето

**5**. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ НА СТУДЕНТИТЕ

6. ЗАКЛУЧОК

## 1. В О В Е Д

Врз основа на член 114 алинеа (5) од Законот за високо образование, деканот на Деканот на Факултетот за детективи и безбеност (ФДБ) согласно Законот за Високото Образование, член 114 став 5, до Наставно-научниот совет (ННС) и Ректорот на АУЕ ФОН Универзитетот доставува Извештај за својата работа (најмалку еднаш годишно) за претходната академска година.

Извештајот има за цел да даде приказ на состојбите на факултетот, да го оцени сработеното во изминатата академска година, да претстави краток и содржаен преглед на наставно-образовниот процес на Факултетот, да ги анализира добрите и слабите страни на Факултетот, односно да ги воочи подрачјата во кои е потребно подобрување, но едновремено да послужи и како основа врз која ќе се изготвува план за работа за следната академска година, како  и да се оцени успешноста на работата на деканот како раководен орган  на Факултетот.

Со нормативните акти на Факултетот, а согласно Законот за високото образование, јасно се прецизирани надлежните на деканот во процесот на управување и функционирање на истиот. Тоа обезбедува организација на работата којашто дава и повратни информации за степенот на реализација на поодделни задачи и одговорности. Во овој процес клучна е улогата на деканот со којшто ја насочува, координира и следи реализацијата на извршувањето на поставените цели и задачи на Факултетот, но и одговороноста која произлегува од членот 167 став 6 од Законот за Високото образование.

Имено, Факултетот за Детективи и Безбедност прави силни и конкретни чекори во насока на подобра организација и поголема одговорност во реализацијата на наставно-образовниот процес.

Конкретно, воспоставени се процедури и механизми коишто овозможуваат следење и контрола на реализацијата на поставените цели и задачи, преку:

1. подготвување студиски програми;

2. организирање настава, распределба на обврски и внатрешна комуникација;

3. работа со студентите и следење на нивните резултати и подигање на студенскиот стандард;

4. креирање на систем на правила и процедури за обезбедување квалитет на Факултетот;

5. примена на систем на сите нивоа на внатрешна контрола на квалитетот;
6. научно-истражувачка дејност;
7. издавачка дејност;
8. меѓународна соработка и мобилност;

## 1. 1. Задачи и цели на Факултетот

Факултетот за Детективи и Безбедност се стреми кон остварување на поставените задачи и цели преку континуирана грижа на внатрешно кадровско и организациско усовршување. Основната задача на Факултетот е едукација на професионални кадри од областите на безбедноста и криминалистиката, кои своите стекнати знаења и вештини успешно ќе ги применат во праксата, стручните и научните истражувања.

Заложбите на Факултетот Детективи и Безбедност во годините на своето постоење беа насочени кон запишување на најдобрите матуранти од државата и надвор од неа, настојувајќи да се афирмираат во интелектуалното опкружување во регионот. Факултетот за Детективи и Безбедност продолжува во истата насока и дополнително сопствениот потенцијал го насочува кон унапредување и развој на студиските програми на сите нивоа на студии врз основа на најновите научни и истражувачки резултати, на највисоките професионални стандарди и етички принципи.

Во рамките на наставата предвидени се и истражувачките активности, во кои Факултетот ги вклучува студентите во разни форми на учење, проекти, истражувања, обуки, како и преку следење на искуставата и добрите практики на светските универзитети. Особен фукус во оваа академска година беше насочен кон поттикнување и вклучување на студентите во практичната настава како и подигање на света за значењето и улогата на студентите во општествените процеси и текови.

Факултетот за Детективи и Безбедност се стреми преку својот квалитет да прерасне во водечка високообразовна и научна институција во државата, препознатлива по јасните цели и поставени стандарди во својот домен. Заложбите се насочени кон успешно приспособување на потребите на современите глобални текови преку континуирана соработка со, институциите на државата, МВР Управата за извршување на санкции  и безбедносните служби, меѓународните субјекти, но и грѓанскиот сектор.

.

Факултетот делува отворено кон општествените, научните и образовните промени како динамична и критички настроена образовна единица на АУЕ - ФОН Универзитетот. Воедно влијае врз потикнувањето на мобилноста, градење на успешна рамка на функционирање на доживотното учење и континуирано вложување во човечкиот капитал на Факултетот, градење на систем на одговорно применување и почитување на стандардите на квалитет.

Развојот на Факултетот за Детективи и Безбедност, како составен и значаен дел од АУЕ-ФОН, за академската 2024/25 година се насочува кон остварување на повеќе цели на Факултетот:

- Зголемување на бројот на студенти на студиите од прв и втор циклус
- Зголемување на бројот на наставниот кадар во областа на безбедноста и криминалистиката
- Афирмација на практичната настава;
- Вклучување на студентите во работните тела на Факултетот;
- Афирмација на правичен систем за наградување на најупешните студенти;
- Креирање на методологија со која ќе се следи понатамошниот развој на дипломираните студени и стапката на нивна вработеност;
- Зголемување на достапноста на изворите за учење (издавање/набавување на нови учебни помагала и достапност на учебници во електронска форма),
- Градење на систем и механизам за осигурување на квалитет;

## 1.2 . Планирање, организирање и транспарентност на работата на Факултетот

Во периодот кој е предмет на анализа фокусот на Факултетот за Детективи и Безбедност беше насочен кон интензивни чекори и активности во насока на успешна реализизација на планираните задачи и цели, како и тековните предизвици. Акцентот беше насочен кон реализација на наставните и вон наставните активности, научните, образовните и управувачките компоненти.

Процесот на планирање, организирање и контрола на работата на Факултетот се базираше врз значителниот број на мерки и активности во насока на изградба на инструменти и механизми за промоција и обезбедување на највисоко ниво на квалитет во наставата, научни истражувања, како и професионални и административни активности.

Развојот и унапредувањето на културата на квалитет беше еден од приоритетите на Факултетот, со цел да се обезбеди најдобар резултат во поглед на наставата и научните истражувања, и тоа на задоволство на сите засегнати страни (студентите, вработените, надворешните субјекти). Нагласени и поинтензивни релации се остваруваат токму при одржувањето на советите, кога деканот и останатите членови на советот дискутира, предлага и утврдува мерки и активности поврзани со остварувањето на поставените цели, и решавање на проблемите и тековните предизвици.

На самиот старт се пристапи кон формирање на комисии за тековните активности, се направи рамномерна распределба на обврските и работните задачи за претстојната академска 2024/2025, се пристапи кон планирање за покривање на наставата за сите студиски програми со кои се отпочна на прв и втор циклус на студии. На советите се дискутираше и се констатира дека наставата на првиот и вториот циклус на студии, во сите студиски години, ќе се реализира во согласност со планираната програма за работа, вклучувајќи ја и клиничката настава и практичната настава.

Во академската 2024/25 година се продолжи со заложбите за остварување на целите за развој на Факултетот како единица во состав на АУЕ ФОН Универзитетот. Оваа активност значеше чекор напред во смисла на остварување стратешки и тековни цели на факултетот кои се надворзуваат на заклучоците од анализата на постојната состојба и посакуваната состојба ставени во соодност со Националната стратегија за образование 2018-2025 со Акционен план, како и критериумите за надворешна евалуација на Универзитетот односно рангирање согласно критериумите за рангирање на Универзитетите. Во преден план работата на Факулктетот за Детективи и Безбедност, е фокусирана на мноштво форми и активности, за остварување и реализација на стандардите и индикаторите за квалитетот на високото образованите и тоа:

Стандард 1: Институционална политика и обезбедување на квалитет;

Стандард 3: Учење, настава и вреднување насочено кон студентот;

Стандард 4: Запишување и вреднување на студентите, дипломи и сертификати;

Стандард 5: Наставен кадар;

Стандард 6: Ресурси за учење и поддршка на студентите;

Стандард 9: Меѓународна соработка и интернационализација.

Врз основа на спроведена анализа на членовите на ННС на Факултетот за детективи и безбедност  воочени се потреби за спроведување на конкретни активности кои се во насока на исполнување на споменатите стандарди.

Во однос на реализацијата на наставата, сите предавања и вежби успешно се одржани, при што се обработени сите единици утврдени со наставните програми. И во оваа академска година им се овозможи на студентите за комбиниран приод во изведување на наставата, односно настава со физичко присуство со можност за одвивање на наставата на далечина на платформата Teams за студентите кои не се во можност физички да присуствуваат на наставата.  За таа цел беа формирани групи по наставните предмети каде се одвиваа наставните активности: настава и консултација со студентите. Системот овозможува можност за транспарентност и контрола на образовниот процес.

Реализирани се активностите поврзани со упис на студенти, во рамките на уписна политика на ниво на Универзитет, во повеќе градови и училишта во нашата држава во која активно беа вклучени наставниците од Факултетот за детективи и безбедност. Во текот на годината ажурно и навремено се превземаат активностите во врска со трансферите на студенти со што комисија за признавање на испитите навремено ги реализираше трансферите на студенти од други универзитети, кои традиционално бројат солидни бројки. Процесот на самоевалуација се одвиваше во рамките на предвидените активности, прилагодени на спецификите на учењето на далечина.Во делот на административните обврски од типот на изготвување распореди за настава, распореди за колоквиумски и испитни сесии, како и организација на работата на факултетските комисии обврските се навремено и ефикасно завршени.

Наставниците кое се дел на ННС на Факултетот за детективи и безбедност, активно беа вклучени и во научни активности надвор од Универзитетот со учество на домашни и меѓународни конференции, како и објавување на научни и стручни трудови во репрезентативни научни и стручни списанија, за што подетална анализа и податоци може да се најде и во извештајот за самоевалуација на Факултетот.

## 2. РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ФАКУЛТЕТОТ И УПИСОТ НА СТУДЕНТИ

Факултетот за Детектви и Безбедност успешно функционира веќе 20 години, при што се стреми кон континуирано остварување на повисоки развојни цели и тој процес е постојана грижа на сите негови наставници и соработници. Матичната комисија за основање на Факултетот за детективи и безбедност е формирана на 03.06.2005, а првата седница на матичната комисија е одржана на 08.06.2005 година

Факултетот за детективи и безбедност како дел од ФОН Универзитетот доби решение за работа од страна на Министерот за образование на ден 07.07.2005 година.

Првата конститутивната седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за идетективи и безбедност е одржана на 12.07.2005 година. Конкурсот за упис на студенти во прва студиска година е распишан na 27.06.2005 година. Со настава на прва студиска година Факултетот за детективи и безбедност започнува да работи од октомври 2005 година..

Денес на Факулетот за Детективи и безбедност се запишуваат студенти на прв и втор циклус на студии, акредитарини согласно решенијата за акредитација од 06.06.2022 година, за прв циклус на студии насока Криминалистика и втор циклус на студии, насока Безбедност.

Во периодот кој е предмет на анализа Факултетот за Детективи и Безбедност беше фокусиран кон интензивни чекори и активности во насока на успешна реализизација на планираните задачи и цели, како и тековните предизвици. Акцентот беше насочен кон реализација на наставните и вон наставните активности, научните, образовните и управувачките компоненти. Процесот на планирање, организирање и контрола на работата на Факултетот се базираше врз значителниот број на мерки и активности во насока на изградба на инструменти и механизми за промоција и обезбедување на највисоко ниво на квалитет во наставата, научни истражувања, како и професионални и административни активности.

Развојот и унапредувањето на културата на квалитет беше еден од приоритетите на Факултетот, со цел да се обезбеди најдобар резултат во поглед на наставата и научните истражувања, и тоа на задоволство на сите засегнати страни (студентите, вработените, надворешните субјекти).

Претходно поставените цели и приоритетит се остваруваат токму при одржувањето на наставно-научните совети, кога деканот и останатите членови на

советот на редовните и вонредните седници дискутира, предлага и утврдува мерки и активности поврзани со остварувањето на поставените цели, и решавање на проблемите и тековните предизвици.

### 2.1. Работа на ННС

Во текот на академската 2024/25 година беа одржани 15 седници на Наставно-научниот совет (ННС) на **Факултетот за детективи и безбедност**.

На седниците беа дискутирани тековните услови за спроведување на наставниот процес, стратегии за вон наставни активности на кадарот и студентите, беа донесувани одлуки и решенија.

ННС на ФДБ во текот на академската 2024/2025 година ги донесе следните одлуки:

1. одлука за формирање на конкурсна уписна комисија за академската 2025/26 ( на 8-та седница на ННС)
2. одлука за утврдување на број на слободни места во акдемската 2025/26 (на 7-та седница на ННС). Со оваа одлука се утврди во академската 2025/26 година на прв циклус на студии да се запишат, на насоката криминалистика 200 слободни места, на втор циклус стручни студии 80 слободни места, на втор циклус академски студии 80 слободни места
3. одлуки за формирање на комисија за самоевалуација
   - На 4-тата седница на ННС, се формирање комисија за самоевалуација во состав виш лектор Зоран Механџиски претседател, проф. д-р Весна Јованова-Симева
   - На 5-тата седница на ННС, се формираше 5 члена комисија за самоевалуација во состав: виш лектор Зоран Механџиски претседател, проф. д-р Весна Јованова-Симева член, проф д-р Лиза Пантековска член, проф д-р Александар Чавлески член, проф д-р Александар Поповски член, и од редот на студентите како членови Маја Нешковска и Ева Илијоска.
   - на 7-та седница на ННС, се формирање три члена комисија во состав Проф д-р Александар Чавлески претседател, Проф д-р Митасин Беќири член и студент Маја Нешковска член.
4. Одлука за формирање на комисија за верификација на оценки во состав: Проф д-р Анита Глигорова претседател, проф д-р Митасин Беќири член.

5. Одлука за распишување конкурс за избор во наствно-научно звање за избор на еден наставник од научна област Безбедносни науки 5.09.02.03
6. Одлука за избор на Декан, на 9-тата седница на ННС, со која проф д-р Татијана Ашталкоска-Балоска, ННС ја избра за Декан на Факултетот за Детективи и Безбедност за период од 3 години.
7. Одлука за усвојување на распоред за работни задачи за акдемската 2024/25 на продолженито од 14-тата седница на ННС
8. Одлука за избор на член на Сенататот на АУЕ ФОН , на 14-тата седница на ННС, со која ННС го избра проф д-р Митасин Беќири за член на Сенат
9. Предлог-одлука за усогласување на изборите во настано-научни звања, на 13-та седница на ННС, со која ННС му предложи да Сенатот на АУЕ ФОН усогласување на изборите во наставно-научните звања на наствниците избрани на Факултетот за Детективи и Безбедност со Уредбата за утврдување на научно-истражувачки полиња од трето ниво

ННС тековно ги разгледува пријавите за дипломски, специјалистички и магистерски трудови, формира комисии за оцена и одбрана на истите.

## 2.2. Работа на постојните комисии формирани од ННС

Комисијата за самоевалуација на факултетот ја спроведе самоевалуацијата истата двократно, на крајот на зимскиот и на крајот на летниот семестар, при што податоците беа сумирани во завршниот годишен извештај.

На 2-та седница на ННС на 27.11.2024 година, беше разгледан и усвоен извештајот на Комисијата за самоевалуција за летен и зимски семестар за акдемската 2023/24 година, кој на седницата го образложи виш лектор Зоран Механџиски

На 7-та седница на ННС претседателот на комисијата за самоевалуација виш лектор Зоран Механџиски го образложи изработениот извештај од комисијата за самоевалуација, кој беше усвоен со забелешка да биде доработен во делот на некои од стандардите кои сеуште не се прикачени на платформата Teams.

Комисијата за признавање на испити и комисијата за трансфери на студентите, успешно ги реализираа сите молби и за истите спреми и достави соодветна документација.

### 2.3. Упис на студенти во прв и втор циклус

Вкупно во академската 2024/25 година на Факултетот за Детективи и Безбедност се запишани 54 студенти, од кои 25 на прв циклус, 29 на втор циклус.

На прв циклус на студии се запишале 15 студенти и 10 со префрлување од други факултети, а на втор циклус 8 на стручни студии, четврта година и 21 на акдемски во петта година.

Во споредба со преходните години уписот е помал во првиот циклус на студии, додека во вториот циклус се забележува мало зголемување. Така, во академската 2023/24 се запишеле вкупно 59, од кои 37 прв циклус и 8 со префлрање и 6 на стручни студии во четврта година и 8 на академски во петта година, а во 2022/23 година вкупно 55, од кои 38 прв циклус и 9 со префрлување, 4 на стручн студии во 4-та година и 14 на акдемски студии во 5-та година.

## 3. НАСТАВНО-НАУЧЕН КАДАР

### 3.1. Наставен кадар

Факултетот за детективи и безбедност во учебната 2024/2025 својата дејност ја извршува со вкупно 10 членови на наставниот кадар, од кои 10 вработени со полно работно време, и тоа:

1. проф. д-р Митасин Беќири
2. проф. д-р Самир Салиески
3. проф. д-р Весна Јованова-Симева
4. проф д-р Лиза Пантековска
5. проф. Д-р Љубица Кардалевска-Радојкова
6. проф. Д-р Анита Глигорова
7. проф. Д-р Александар Поповски
8. проф. Д-р Тања Китановска
9. проф. Д-р Александар Чавлевски
10. виш лектор м-р Зоран Механџиски

Од 26.05.2025 година Факултетот брои 11 членови во редовен работен однос, откако со одлука на Ректорот, проф д-р Татијана Ашталкоска-Балоска беше распределена за член на ННС на овој Факултет.

Во рамките на реализација на наставната прогрма  на Факултетот за детективи и безбедност се ангажирани уште 9 професори од кои 6 од Факултетот за Правни и Политички науки, 2 од Факултетот за информатички технологии  и 1 Визитинг наставник.

Во поглед на ефикасноста на организацијата и внатрешната комуникација во рамки на Факултетот сите во координација со деканот и оваа учебна година ја реалзиираа наствата успешно без никакви забелешки.

Исто така, секој предметен наставник изврши соодветни усовршувања на предметната програма, согласно со достигнувањата во развојот и ги инкорпорира новите текови на технолошкиот развој.

Во поглед на планираните и реализираните активности –целокупната наставна активност е реализирана според планот, со дополнителни практични активности кои произлегле од проекти со надворешни соработници од приватни и државни институции.

Постојната структура на наставничкиот кадар овозможува квалитетна реализација на наставата на Факултетот за детективи и безбедност. Кадарот негува перманента грижа на усовршување на вештините и реализација на проекти од областите во кои се стручни, како и развивање на иден наставен кадар од редовите на студентите. Меѓутоа во делот на реализација на наставните активности од областа на безбедност, ННС утврди потреба да се дополни наставниот кадар барем со уште еден наставник од оваа област, за што беше донесена и одлука за распишување на конкурс за избор во звање, на кој за жал никој не се јави.

### 3.2. Покриеност на наставните предмети со наставници

Анализата во однос на покриеноста на наставните дисциплини со наставен кадар покажува дека на Факултетот има ангажирано 18 наставници од  кои 8 наставници од другите факултети на АУЕ ФОН за универзитетските изборни предмети и задолжителни предмети предвидени со наставната програма, односно 18 наставници во редовен  работен однос на ФОН Универзитетот и еден визитинг наставник. Што се

однесува до ангажираноста на наставниците во наставно-образовниот процес, тие се рамномерно распределени според областите на стручност.

Поради спецификата на детективското образование и континуитетот во пратењето на индивидуалниот развој на студентите, во голем дел од наставата наставниците ги спроведуваат и вежбите по предметите кои им се доделени, сами или во соработка со институциите со кои Универзитетот има склучено договори за соработка, преку посета на студентите на овие институции и госитнски предавања на стручњаци од практиката на Факултетот.

## 4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### 4.1. Реализација на наставата по студиски програми на додипломски и посдипломски студии

Факултетот за детективи  безбедност според добиената акредитација организира настава за прв и втор циклус студии на студиските програми: **Криминалистика на прв циклус на студии и на втор циклус специјалистички студии и безбедност на втор циклус на студии,** која беше спроведена за новозапишаните студенти. Веќе постоечките акредитирани програми според која беа запишани студентите од и пред академската 2022/2023 година, продолжија со своја реализација, што ќе биде случај до завршувањето на предвидената настава на запишаните студенти.

Факултетот за детективи и безбедност во академската 20242025 година на прв и втор циклус на студии организираше редовна настава.

Целта на Факултетот за детективи и безбедност е да подготвува едуцирани кадри кои се профилираат во следниве области: **детективи и безбедност и криминалистика**. Студиските програми на Факултетот за детективи и безбедност овозможуваат изведување на современа и квалитетна настава како примарна цел за подготовката на студентите за успешна кариера, практична самостојна работа и доживотно учење во комплетна образовна, и научно-истражувачка средина.

Во реализацијата на студиската програма планираните обврски на наставниот и соработнички кадар се исполнети во целост. Курсевите завршија во предвидените термини, а и целата **академска година траеше и е реализирање во предвиденото време**.

**Системот за оценување** е според ЕКТС – испитот може да се полага преку два колоквиуми при што се оценуваат и присутноста, активноста и изработените задачи или директно во испитната сесија. Колоквиумите беа спроведени во предвидените колоквиумски недели, а испитите во предвидените редовни и вонредни испитни сесии. Колоквиумите и испитите, зависно од природата на наставниот предмет, се спроведуваат апликативно и/или теоретски – писмено.

### 4.2 Форми на наставно-образовниот процес и методи на проверка на знаењето

Во реализацијата на наставно-образовниот процес на Факултетот за детективи и безбедност доминира практичната и менторска настава: летно и зимско логорување, посета на криминалистичкиот музеј, посета на воените касарни за дресирање на кучиња, посета на КПУ и ВПУ и др. На сите предмети здобиените знаења се применуваат во апликативни решенија од помал или поголем обем.

Зимското логорување, Топографија и тактика во зимски услови се одржа во периодот од 03.03 2025 година до 06.03 2025 година на Попова Шапка. Во рамките на спроведените активности на кои присуствуваа 6 студенти, од кои 3 од Факултетот за детективи и безбедност, се реализираа сите предвидени активности во целост, студентите научија да скијаат и како да се однесуваат на ски терени и во вонредни услови на планина. За активносите на логорувањето, професорот Александар Поповски, како наставник кој беше задолжен за реализацијата на истото и предметен наставник по предметот Топографија и тактика во зимски услови, поднесе извештај до ННС, кој беше усвоен на 5-тата седница на ННС.

Летното логорување се спроведе во периодот од 09.06 до 13.06 2025 година во реонот помеѓу Калишта и Радожда-Струга на кое учествувале вкупно 16 студенти. За активносите на логорувањето, професорот Александар Поповски, како наставник кој беше задолжен за реализацијата на истото и предметен наставник по предметот Топографија и тактика во летни услови, поднесе извештај до ННС, кој беше усвоен на 11-тата седница на ННС.

Во рамките на предметот Ракување со оружје, декември 2024 година, реализираа практична настава на стрелиштето „Таргет„ под стручен надзор на Деканот проф д-р Митасин Беќири и предметен професор по истиот и професионалните

инструктори од стрелиштето студентите на совладаа техниката на гаѓање на статична мета, а научија и брзо разклопување, чистење и склопување на оружје.

Посетата на КПУ Идризово како установа од затворен тип, каде студентите во рамките на реализацијата на вежбите по предметот Пенологија, имаа можност да се запознаат со начинот на реализацијата на процесот на ресоцијализација на осудентите лица, во машкиот дел на КПУ, во полуотвореното и отвореното одделение и во женскиот дел на установата во сите три оддееленија.

Посета на Агенцијата за Разузнавање на јуни 2025 година каде студентите имаа можност да се запознаат со работата на истата, особено во делот на заштита на податоци и сајбер-безбедноста. Посета на  Комисијата за одбрана и безбедност во Собранието на Р Македонија, 19 јуни 2025 година, претствувана од Павле Арсоски, како претседател на истата, каде студентите во рамките на реализацијата наставната програма по предметот Демократска контрола на безбедносниот систем, се запознаа со работата на оваа Комисија и исто така имаа можност преку 30 минутна обиколка на Собранието, по предавањето во Комисијата да се запознаат со работата на законодавниот дом.

Исто така, во јуни 2025 година Деканката на Факултетот за Детективи и Безбедност, заедно со Ректорот, Директорката и Деканката на Факултетот за Информатика, присуствуваше на потпишувањето меморандум за соработка помеѓу Универзитетот и Управата за извршување на санкции, од кој се очекува да произлезат натамошни можности за реализација на практичната обука на студентите, како и вклучување на наставниот кадар како дел од експертската поддршка на Управата во реализација на своите активности.

Практичната обука, како задолжителна активност на студентите, во трета година и оваа година се реализираше преку соработката со МВР, каде студентите во текот на летниот период реализираа практична настава.

При реализацијата на наставно-образовниот процес Факултетот користи компјутерска технологија и соодветни наставни помагала.

Методите за проверка на знаењата главно се преку современите методи преку кои се проверува знаењето по одредени техничко-тактички курсеви. Во овој контекст може да се каже дека студентите дел од испитите ги полагаат преку колоквиуми во процесот на континуирана проверка на знаењата.

Врз основа на тоа може да се констатира дека начинот на спроведување на наставата и вежбите и индивидуалниот пристап кон студентите резултира соособено поволни резултати.

## 5. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ НА СТУДЕНТИТЕ

Факултетот за Детективи и Безбедност има остварени повеќе соработки со надворешни субјекти, реализација на општествено одговорни проекти, учества/претставувања на студентите и наставниот кадар на меѓународни и домашни конференции, како и организирано јавно претставување на резултатите од образовниот процес со изложување на резултатите од активностите на студентите и наставниците.

Во периодот од 2024/2025 год. на Факултетот, во рамките на реализацијата на наставните програми особено во делот на практичната настава и реализација на вежбите студентите од ФДБ ги оствариja следните активнсоти:

-посета на стрелиште Таргет

- посета на КПУ Идризово

- посета на Агенцијата за Разузнавање

- посета на Собранието на РМ, Комисија за одбрана и безбедност

- посета на Управата за извршување на санкции

- практична обука во МВР

**ЗАКЛУЧОК**

Изработката на Годишен извештај на деканот на факултетот како законска обврска за сите високообразовни институции во Република Македонија, претставуваше добра можност за извршување на сеопфатна анализа на состојбите и процесите на Факултетот за детективи и безбедност. Овој извештај заеднички беше изготвен од Деканот на Факултетот за детективи и безбедност Проф. д-р Митасин Беќири, кој беше декан на овој Факултет до 09.05.2025 година, односно изборот на нов декан, кога на седница на ННС проф. д-р Татијана Ашталкоска- Балоска беше избрана за Декан на овој факултет.

Во овој извештај е сублимирана состојбата на Факултетот за детективи и безбедност за академската 2024/2025 година, преку сеопфатно согледување на реализираните активности низ призмата на поставените цели. Факултетот во анализираниот период се соочи со исклучително сложени и крупни кадровски и работни промени како и предизвици поврзани со општествените прилики.

Од аспект на организацијата на работата на факултетот и внатрешната комуникација на деканот со ННС и поединечно со професорите и соработниците можеме да истакне дека комуникацијата меѓу наставниот кадар е на задоволително ниво.

Со реализацијата на студиските програми сите планираните обврски на наставниот и соработнички кадар се исполнети во целост, така што наставно-образовниот процес заврши според годишниот план за работа.

Посветеноста на наставниот кадар на Факултетот, во рамките на наставниот процес, но и нивните дополнителните вон наставни активности, како и фокусирањето на индивидуалните интереси, потреби и раст на уписот на студентите, придонесува кон раст на Факултетот за детективи и безбедност.

Скопје, Декември 2025

проф. д-р Татијана Ашталкоска-Балоска

декан на Факултетот за Детективи и Безбедност

______________________________________